АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 02-738/7
29.12.2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) од Законот за супервизија на осигурување- ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015 и 192/2015) а во врска со оддел 4 пододдел 4.5. од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на 29.12.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**за износот на максималната каматна стапка**
**при пресметка на математичката резерва**

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на максималната каматна стапка која друштвата за осигурување се должни да ја применуваат при пресметка на математичката резерва согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, за договорите на осигурување склучени после 1.1.2016 година.

**член 2**

Каматната стапка која се користи при пресметка на математичката резерва за договорите на осигурување склучени после 1.1.2016 година не смее да биде поголема од 2,5%.

**Член 3**

За договорите склучени заклучно со 31.12.2015 година се применува Одлуката за износот на максималната каматна стапка при пресметка на математичката резерва број 02-1204/4 од 28.11.2013 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Претседател на Совет на експерти,**
Климе Попоски

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ